**МАКЕДОНСКА РЕВИЈА ЗА КАЗНЕНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА**

**Издавач:**
*ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КРИВИЧНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА*



**Претседател:**
*Проф. д-р Гордана ЛАЖЕТИЌ*

**Потпретседател:**
*Проф. д-р Дивна Илиќ Димоски*

**Издавачки совет:**
*Проф. д-р Љупчо АРНАУДОВСКИ, Акад. Владо КАМБОВСКИ, проф. д-р Методија КАНЕВЧЕВ, проф. д-р Гордан КАЛАЈЏИЕВ, проф. д-р Никола ТУПАНЧЕСКИ, Љубомир МИХАЈЛОВСКИ (АКРМ), проф. д-р Исмаил ЗЕНДЕЛИ, проф. д-р Беса АРИФИ (ЈИЕ), проф. д-р Оливер БАЧАНОВИЌ (Факултет за безбедност), Мери ТРОМБЕВА (ВЈО Битола), Маја ДЕНКОВСКА (Основен суд Куманово), Никола ПРОКОПЕНКО (Министерство за правда), проф. д-р Татјана ВЕЛКОВСКА (ФОН) Наум ПАНОВСКИ (Јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција), м-р Фатиме ФЕТАИ (СЈО)*

**Уредувачки одбор:**
*Акад. Владо КАМБОВСКИ, проф. д-р Гордан КАЛАЈЏИЕВ, проф. д-р Никола ТУПАНЧЕСКИ, проф. д-р Александра ГРУЕВСКА – ДРАКУЛЕВСКИ, Проф. д-р Александра ДЕАНОВСКА ТРЕНДАФИЛОВА, проф. д-р Бобан МИСОВСКИ, Проф. д-р Дивна ИЛИЌ ДИМОСКИ, Проф. д-р Лазар НАНЕВ, Д-р Елена МУЈОСКА – ТРПЕВСКА, Доц. Д-р Олга КОШЕВАЛИСКА, Доц. д-р Никола МИЦКОВСКИ*

*Проф. д-р Давор ДЕРЕНЧИНОВИЌ, проф. д-р Злата ЃУРЃЕВИЌ, проф. д-р Анте НОВОКМЕТ (Хрватска), Проф. д-р Вид ЈАКУЛИН, Проф. д-р Звонко ФИШЕР (Словенија), проф. д-р Хајрија СЈИЕРЧИЧ – ЧОЛИЌ, проф. д-р Миодраг СИМОВИЌ (БиХ), проф. д-р Милан ШКУЛИЌ, проф. д-р Саша КНЕЖЕВИЌ, проф. д-р Срето НОГО (Србија), Prof. Michael KILCHLING (Германија, Max-Planck Institute - Freiburg), Dr. Andra-Roxana TRANDAFIR (Романија), Marcelo F. AEBI (Швајцарија), Prof. d-r John WINTERDYK (Канада), Prof. d-r Andre KLIP (Холандија, Maastricht University), Prof. d-r Adem SÖZÜER, dr. Tuba TOPCUOGLU, (Истанбул, Турција), Prof. d-r Altin SHEGANI (Албанија), проф. Гергана МАРИНОВА (Институт за правото при БАН (Бугарија)*

**Главен и одговорен уредник:**
*Академик Проф. д-р Владо КАМБОВСКИ*

**Секретар на Редакцијата:**
*Проф. д-р Александра ГРУЕВСКА – ДРАКУЛЕВСКИ*



Списанието излегува 1-3 пати годишно

The Macedonian Journal for Criminal Law and Criminology is indexed in EBSCO Publishing
– Criminal Justice Abstracts with Full Text (since 2014)
(Open Access Journal)

**МАКЕДОНСКА РЕВИЈА ЗА КАЗНЕНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА**

**ISSN 1409-5327 (год. 27, бр. 1-2, 2020)**

## СОДРЖИНА


### 1. КАЗНЕНО ПРАВО

**М-р Габриела Гајдова, судија**
*„Казнено дело „Несовесно лекување болни“ (чл.207 од КЗ на РСМ) - објект на заштита и пасивен субјект на делото“*

**Д-р Марјан Габеров, доцент**
*„Казнено правна заштита од физичкото семејно насилство во Република Северна Македонија, со посебен акцент на кривичното дело убиство и убиство на миг“*

**Д-р Марија Гроздановска, доцент**
*„Консеквенции од изнесувањето на невистини во казненото право“*

### 2. КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО

**Д-р Тодор Витларов**
*„Принципите на централизам и хиерархиска субординираност како организациски принципи на Јавното обвинителство“*

### 3. КРИМИНОЛОГИЈА

**Џон А. Винтердик**
*„Истражување ‘нова’ перспектива за криминолошко истражување: глобална криминологија“*

**М-р Младен Трајков**
**Деан Николов**
*„Ефективноста и ефикасноста на прекршочниот орган за подрачјето на општините Велес, Градско и Чашка“*

### 4. ВИКТИМОЛОГИЈА

**Александра Роглева, асистент**
*„Основни слабости на правно – институционалната рамка за заштита на децата од сексуална виктимизација во Република Северна Македонија“*

### 5. ПЕНОЛОГИЈА

**Д-р Елена Мујоска Трпевска**
**М-р Константин Битраков**
*„Придобивки од примена на алтернативите на затворското казнување“*


## 6. СОЦИЈАЛНА ПАТОЛОГИЈА

**Д-р Александра Груевска Дракулевски, професор**
*„Феноменологија на самоубиствата“*

**Сашо Мержаноски**
*„Коцкањето, комарот и обложувањето како девијантни појави во општеството“*


## 7. ПРИКАЗИ

**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**
*Приказ на учебникот Судско право – второ изменето и дополнето издание од авторите Акад. Владо Камбовски, Бобан Мисоски и Дивна Илиќ Димоски*

**CONTENTS**


1. **CRIMINAL LAW**

**Gabriela Gajdova, LLM**
*CRIMINAL OFFENCE "UNSCRUPULOUS TREATMENT OF THE SICK" (Art 207 of the CC of the RNM) - OBJECT OF PROTECTION AND PASSIVE SUBJECT OF THE OFFENCE*

**Ass.Prof.Dr.sc Marjan Gaberov**
*RETRIBUTIVE AND LEGAL PROTECTION FROM PHYSICAL DOMESTIC VIOLENCE IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, WITH A SPECIAL EMPHASIS ON THE CRIMINAL OFFENSES: MURDER AND MURDER AT THE MOMENT*

**Marija Grozdanovska**
*CONSEQUENCES FROM TELLING LIES IN CRIMINAL LAW*

2. **CRIMINAL PROCEDURE LAW**

**Dr. Todor Vitlarov**
*PRINCIPLES OF CENTRALISM AND HIERARCHY SUBORDINATION AS ORGANIZATIONAL PRINCIPLES OF THE PUBLIC PROSECUTOR'S OFFICE*

3. **CRIMINOLOGY**

**Dr. John A. Winterdyk**
*EXPLORING A 'NEW' PERSPECTIVE FOR CRIMINOLOGICAL INQUIRY: GLOBAL CRIMINOLOGY*

**Mladen Trajkov, MA**
**Dean Nikolov**
*THE EFFECTIVENESS AND EFFICIENCY OF THE MISDEMEANOR BODY FOR THE AREA OF THE MUNICIPALITIES OF VELES, GRADSKO AND CASKA*

4. **VICTIMOLOGY**

**Aleksandra Rogleva**
*BASIC WEAKNESSES OF THE LEGAL - INSTITUTIONAL FRAMEWORK FOR CHILD PROTECTION FROM SEXUAL VICTIMIZATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA*

5. **PENOLOGY**

**Elena Mujoska Trpevska, PhD**

**Konstantin Bitrakov, LL.M.**
*BENEFITS FROM THE APPLICATION OF ALTERNATIVES TO IMPRISONMENT*

6. **SOCIAL PATHOLOGY**

**Professor Dr. Aleksandra Gruevska Drakulevski**
*PHENOMENOLOGY OF SUICIDE*

**Sasho Merzanoski**
*ILLEGAL GAMBLING AND BETTING AS DEVIATIONAL APPEARANCES IN SOCIETY*

7. **REVIEW**

**Prof. Dr. Gordana Lazetic**
*REVIEW OF THE TEXTBOOK JUDICIAL LAW - SECOND AMENDED EDITION BY THE AUTHORS ACAD. VLADO KAMBOVSKI, BOBAN MISOSKI AND DIVNA ILIC DIMOSKI*

**MACEDONIAN JOURNAL OF CRIMINAL LAW AND CRIMINOLOGY**

**Publisher:**
*ASSOCIATION OF CRIMINAL LAW AND CRIMINOLOGY OF MACEDONIA*

**President:**
*Prof. Dr. Gordana LAŽETIḰ*

**Vice-President:**
*Prof. Dr. Divna Iliḱ Dimoski*

**Publishing Council:**
*prof. Dr. Ljupco ARNAUDOVSKI, Acad. Vlado KAMBOVSKI, prof. Dr. Methodija KANEVČEV, prof. Dr. Gordan KALAJDZIEV, prof. Dr. Nikola TUPANČESKI, Ljubomir MIHAJLOVSKI (AKRM), prof. Dr. Ismail ZENDELI, prof. Dr. Besa ARIFI (SEE), prof. Dr. Oliver BAČANOVIḰ (Faculty of Security), Mary TROMBEVA (VJO Bitola), Maja DENKOVSKA (Basic Court Kumanovo), Nikola PROKOPENKO (Ministry of Justice), prof. Dr. Tatjana VELKOVSKA (FON) Naum PANOVSKI (Public Prosecutor's Office for Organized Crime and Corruption), Mr. Fatime FETAI (SJO)*

**Editorial Board:**
*Acad. prof. Dr. Vlado KAMBOVSKI, prof. Dr. Gordan KALAJDZIEV, prof. Dr. Nikola TUPANČESKI, prof. Dr. Aleksandra GRUEVSKA - DRAKULEVSKI, prof. Dr. Aleksandra DEANOVSKA TRENDAFILOVA, prof. Dr. Boban MISOVSKI, Prof. Dr. Divna ILIḰ DIMOSKI, Prof. Dr. Lazar NANEV, Dr. Elena MUJOSKA - TRPEVSKA, Doc. Dr. Olga KOŠEVALISKA, Doc. Dr. Nikola MICKOVSKI*
*prof. Dr. Davor DERENČINOVIḰ, prof. Dr. Zlata ǴURǴEVIḰ, prof. Dr. Ante NOVOKMET (Croatia), Prof. Dr. Vid JAKULIN, Prof. Dr. Zvonko FISER (Slovenia), prof. Dr. Hajrija SJIERČIČ - ČOLIḰ, prof. Dr. Miodrag SIMOVIḰ (BiH), prof. Dr. Milan ŠKULIḰ, prof. Dr. Saša KNEŽEVIḰ, prof. Dr. Sreto NOGO (Serbia), prof. dr. Michael KILCHLING (Germany, Max-Planck Institute - Freiburg), prof. Dr. Andra-Roxana TRANDAFIR (Romania), prof. Dr. Marcelo F. AEBI (Switzerland), prof. Dr. John WINTERDYK (Canada), prof. Dr. Andre KLIP (Netherlands, Maastricht University), Prof. Dr. Adem SÖZÜER, Dr. Tuba TOPCUOGLU, (Istanbul, Turkey), prof. Dr. Altin SHEGANI (Albania), prof. Dr. Gergana MARINOVA (Institute of Law at BAN (Bulgaria))*

**Editor-in-Chief:**
*Acad. Prof. Dr. Vlado KAMBOVSKI*

**Secretary of the Journal:**
*Prof. Dr. Aleksandra GRUEVSKA - DRAKULEVSKI*

The Journal is published 1-3 times a year
The Macedonian Journal of Criminal Law and Criminology is indexed in EBSCO Publishing - Criminal Justice Abstracts with Full Text (since 2014)
(Open Access Journal)

**Александра Роглева**[1]

# ОСНОВНИ СЛАБОСТИ НА ПРАВНО-ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД СЕКСУАЛНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1.02 Прегледна научна статија
УДК 343.362/.364(497.7)

**Апстракт**

*Виктимизацијата на деца за сексуални цели, како впрочем и многу други криминални поведенија, претставува исклучително сложена и динамична појава што релативно брзо се приспособува на општествените движења и промени, па поради тоа речиси е невозможно да се регулира онолку колку што е потребно за да се гарантира целосно стабилноста на општествената организација. Станува збор за актуелна, комплексна проблематика чие целосно разјаснување претпоставува одговор на голем број меѓусебно поврзани прашања и темелна анализа на постојната состојба што не е ниту малку охрабрувачка.*

*Имајќи го предвид горенаведеното, основната идеја на трудот е преку анализа на актуелните законски решенија во домашниот правен систем и достапните институционални капацитети, стратегии и механизми да се утврди каква е моменталната состојба во однос на справувањето со проблемот и да се констатираат очигледните пропусти и недоследности преку евалуација на досегашните достигнувања насочени кон создавање претпоставки за спречување сексуални девијации во кои жртви се децата, но и кон обезбедување третман и рехабилитација на оние деца што веќе преживеале ваков облик на виктимизација.*

**Клучни зборови:** деца, сексуална злоупотреба, виктимизација, заштита, криминална политика.

## *Вовед*

Динамичниот општествен напредок е основна детерминанта на современите демократски процеси и гарантирањето на елементарните човекови права, но од друга страна, продуцира постојан пораст на криминалитетот како нуспродукт на модерното живеење. Звучи парадоксално, но сепак оправдано загрижувачки се досегашните научни сознанија што недвосмислено укажуваат на зголемена стапка на неприфатливи човекови поведенија во речиси сите сфери од глобалното живеење, кои според својата содржина се девијантни и апсолутно спротивни на концептот „правна држава“. Во услови на постојано менување на динамиката на општествените процеси и континуирана прогресија на криминалните поведенија, сексуалната злоупотреба на деца се наметнува како проблем што според својата содржина и феноменолошка природа е една од најтешките манифестни форми на насилство врз децата и злоупотреба на нивниот биолошки и општествен статус. Историската димензија на проблемот говори дека станува збор за крајно сериозен облик на криминалитет што има свои корени многу

[1] Авторот работи како асистент по научната област казнено право, Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, aleksandra.rogleva@ugd.edu.mk.

одамна[2], но во изминатата деценија е особено актуелен, првенствено поради алармантното зголемување на бројот на пријавени случаи на деца жртви на сексуално насилство, а потоа и поради готовноста на целокупната јавност отворено да говори за состојбите од ваков вид во насока на нивно надминување. Освен тоа, во поново време, забележливиот напредок на современите информатички и комуникациски технологии во голема мера се наметна како сериозен криминоген фактор и придонесе за продуцирање нови и феноменолошки целосно различни облици на сексуален криминалитет на штета на децата.

Во неможноста да се совладаат сите внатрешни противречности во правните, политичките, економските и социокултурните односи што добиваат смисла на фактори што влијаат врз појавата на сексуалниот криминалитет на штета на децата, општествената реакција, како нужна и неопходна, се ориентира кон сите достапни модалитети и средства за дејствување во рамките на криминалната политика. Притоа, имајќи го предвид сфаќањето за криминалната политика како наука што ги изучува не само репресивните мерки (казните), туку и севкупниот ангажман на институциите на системот во борбата против криминалитетот[3], сосема е разбирливо напорите во врска со предметната проблематика, меѓу другото, да бидат насочени и кон создавање претпоставки за спречување сексуални девијации во кои жртви се децата, но и кон обезбедување третман и рехабилитација на оние деца што веќе преживеале ваков облик на виктимизација.[4] Клучно во напорите за справување со феноменот, покрај неговото казнено-правно врамување и водењето правична казнена политика, е да се определи кои се актуелните институционални модели за заштита на децата од сексуално вознемирување и сексуална злоупотреба, како и мерките и механизмите за остварување на заложбите на владејачките структури за превентивно и репресивно дејствување. Ова подразбира систематски средено излагање на општествените стратегии, тактики и санкциони средства, со цел постигнување оптимална контрола на кривичните дела и престапи.[5] Од друга страна, неминовно е критичко анализирање на состојбите преку издвојување на недоследностите и слабостите на системот што се евидентираат во практиката, со цел да се создадат претпоставки за засновање нови и поефикасни модели на заштита.

Во рамките на прегледот на досегашните научни и практични достигнувања, сè уште тешко може да се тврди дека постојат средства со кои целосно би се искорениле неприродните сексуални девијации на штета на децата како исклучително деструктивни општествени дејанија, но тоа е само дополнителен повод и мотив за унапредување на достапните механизми за заштита. Во оваа насока, главен акцент во трудот е ставен на хуманистичко-апликативниот карактер на законите и меѓународните документи од оваа област[6], кој се препознава според тоа колку е обезбеден квалитет со нивната

---

[2] Повеќе за ова: De Mause, Lloud. *History of childhood.* 1st Ed. Michigan: Psychohistory Press, 1974.

[3] Повеќе за ова: Сулејманов, Зоран. *Македонска Криминологија.* Скопје: Графохартија, 2000, стр. 107.

[4] Со оглед на тоа што ретрибутивното постапување како казнено-правна реакција на криминалните поведенија во кои жртви се децата не е доволно за остварување адекватна детска заштита, во изминатата деценија континуирано се работи на реформи во оваа област што се засноваат врз концептот на ресторативна правда и заштита на најдобрите детски интереси. Ова подразбира целосно приспособување на постојната законска регулатива на актуелните потреби и случувања и активно вклучување на надлежните институции во процесот на заштита. Во остварувањето на своите надлежности, а во рамките на системот за заштита на правата на децата, институциите треба да дејствуваат „ex ante“, со цел да се минимизираат опасностите од злоупотреба, односно да се спречи сексуалната виктимизација на деца, но и „post festum“, со цел да се овозможат адекватен третман, згрижување и заштита на оние деца што доживеале вакво искуство и имаат потреба од стручна помош и рехабилитација.

[5] Така и: Кајзер, Гинтер. *Криминологија.* Скопје: Александрија, 1996, стр. 507.

[6] Подетално за меѓународните документи за детска заштита, кои, меѓу другото, ја уредуваат и сексуалната злоупотреба на деца: Бужаровска-Лажетиќ, Гордана, Лазар Нанев, Олга Кошевалиска. *Меѓународни*

имплементација во системот на детска заштита, со цел да се унапреди системот на општествена поддршка и да се создадат услови за безбеден раст и развој на најмладите.

***За потребата од актуелизирање на проблемот***

Р. Северна Македонија е исправена пред предизвикот за заштита на децата од различни облици на сексуална злоупотреба уште од самите почетоци на осамостојувањето, но се чини дека забележливи манифестации за справување со проблемот на национално ниво се евидентни дури во последната деценија на овој век. Се разбира, тоа не значи дека претходно не постоеше правно-институционален одговор на проблемот, но ваквата општествена реакција главно се сведуваше на изолирани случаи што беа експонирани во пошироката јавност без придавање особено значење на појавата и последиците што ги предизвикува. Голем придонес за ваквиот тек на работите имаше и релативно неразвиената општествена свест за сериозноста на проблемот, неговиот вистински опфат и динамиката на движење. Со оглед на тоа што состојбите поврзани со злоупотребата на деца за сексуални цели континуирано бележат тренд на пораст, како во квантитативна, така и во квалитативна смисла, на денешниот степен на општествено живеење се наметнаа како сериозен предизвик за државата, кој претпоставува итно интервенирање и создавање стратегии за нивно надминување. Во оваа насока, создавањето сеопфатен концепт за реагирање на сексуалното насилство врз децата, кој ќе биде целосно интегриран во националните процеси на планирање, е тесно поврзано со детектирањето на основните слабости на правно-институционалната рамка за справување со проблемот и критичка опсервација на досега сработеното.

***Евалуација на казнено-правната регулатива за заштита на децата од сексуална злоупотреба***

Децата се лица што се наоѓаат во најраната фаза на емоционалниот и интелектуалниот развој и по правило не може целосно да го согледаат и правилно разберат значењето на сексуалните односи. Ова е начелната причина поради која казненото право содржи забрана на какви било сексуални односи со малолетници што не навршиле 14-годишна возраст, без оглед на полот.[7]

Заштитата на деца, воопшто, а особено кога станува збор за заштита од сексуално насилство и експлоатација, претставува комплексна тема во која се испреплетени различни области и нивоа на обезбедување услуги од предметната проблематика. Легислативата со која се уредува оваа област опфаќа низа законски и подзаконски прописи, меѓу кои се: Кривичниот законик[8], Законот за кривичната постапка[9], Законот за социјалната заштита[10], Законот за семејството[11], Законот за заштита на децата[12],

---

*документи за спроведување на малолетничката правда – Современи текови во постапување со малолетниците.* Кавадарци: Совет за превентива против малолетничка деликвенција, 2012.

[7] Витларов, Тодор. *Казнено право – посебен дел (авторизирани предавања).* Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет – Кочани, 2008, стр. 34.
[8] „Службен весник на РМ“ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 09/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17.
[9] „Службен весник на РМ“ бр. 150/10, 100/12 и 142/16.
[10] „Службен весник на РМ“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 11614, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18.
[11] „Службен весник на РМ“ бр. 80/92, 09/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15.
[12] „Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18.

Законот за правда за децата[13], Законот за здравствената заштита[14], Законот за спречување и заштита од дискриминација[15], Законот за установи[16], Законот за здруженија и фондации[17] и др. Бидејќи моралните сфаќања на општеството во оваа област многу брзо еволуираат, пред криминалната политика и кривичното право се поставува барањето за преиспитување на актуелните законски решенија и нивно ревидирање со цел да одговорат на барањата што ги наметнува практиката. Во тој поглед, се чини дека нашиот Кривичен законик од 1996 година мошне успешно одговори на овие барања.[18] Во напорите да се најде соодветно решение за спречување на сексуалната злоупотреба на деца како крајно деструктивна општествена појава, како и да им се овозможи соодветна заштита на децата жртви, корпусот на законски одредби со кои се обработува оваа област во домашниот правен систем во последните неколку години значително еволуираше во насока на заострување на постојната и креирање квалитативно нова правна рамка што се однесува на предметната проблематика. Во оваа смисла, опфатени се и оние кривични дела чиј број во статистичките податоци за вкупноста на криминалитетот на ниво на држава е значително зголемен пропорционално на развојот на технологијата и нејзиното незауздено навлегување во приватната сфера на поединецот, а особено на децата, штом ќе го надмине контекстот на нормалното искористување на интернет-ресурсите и на останатите средства за современа комуникација.[19] Моменталната законска регулатива за заштита на детските права речиси целосно ги исполнува европските стандарди за остварување на детската заштита како организирана дејност заснована врз правата на децата, како и врз правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Донесените закони и нивните измени и дополнувања целосно се усогласени со Конвенцијата за правата на детето[20] и двата факултативни протоколи кон неа – Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето, кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија[21], и Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето, кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти[22], Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба[23], како и останатите меѓународни документи со кои се уредува определен сегмент од предметната проблематика. Ваквата состојба, несомнено, упатува на тоа дека пристапот заземен во севкупниот систем за

[13] „Службен весник на РМ“ бр. 148/13.
[14] „Службен весник на РМ“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16.
[15] „Службен весник на РМ“ бр. 50/10, 44/14, 150/15, 31/16 и 21/18.
[16] „Службен весник на РМ“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11.
[17] „Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16.
[18] Види: Камбовски, Владо. *Казнено право – посебен дел.* Скопје: Просветно дело, 1997, стр. 198.
[19] Овде првенствено се мисли на инкриминирање на детската порнографија и други противправни поведенија поврзани со неа, како и подведување деца преку социјалните мрежи (child grooming) и други облици на илегално регрутирање деца преку интернет за сексуални цели.
[20] Convention on the rights of the child, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 44/25 of 20 November 1989, entry into force 2 September 1990.
[21] Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution A/RES/54/263 of 25 May 2000, entry into force on 18 January 2002.
[22] Optional protocol to the Convention on tne Rights of the Child on the involvement of children in armed conflict, Adopted and opened for signature, ratification and accession by general Assembly resolution A/RES/54/263 of 25 May 2000, entry into force 12 February 2002.
[23] Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse. Committee of Ministry, 2007 (entered into force on 1 July 2010).

заштита на деца што биле изложени на определен облик на сексуално насилство или експлоатација или оние што се во ризик да станат жртви е колективистички, а заштитата на детските права е поставена како прашање од врвен интерес. Сепак, мора да се забележи дека покрај прифатениот принцип на „најдобар интерес на детето“, кој во моментов ја поттикнува државата да интервенира во приватната сфера на семејството, не постои одредба што експлицитно наведува дека најдобриот интерес на детето би бил врвен интерес во сите постапки поврзани со деца, вклучувајќи го и судскиот процес. Иако ова е еден од клучните принципи на Конвенцијата за правата на детето и на македонскиот Закон за семејството, тој не е целосно одразен во нивната примена.

Како што беше наведено погоре, казнената регулатива за заштита на децата од сексуална злоупотреба низ годините претрпе голем број промени и доработувања, а сето тоа во насока на репресивна реакција на проблемот. Денес, за вршење дела од ваков тип се предвидени оптимални казни што го подредуваат нашиот правен систем во еден од првите според својата ретрибутивна природа. Станува збор за огромен исчекор во напорите на државата да ги сузбие сексуалното насилство и различните форми на експлоатација на деца за комерцијални сексуални цели, што е сосема оправдано ако се земе предвид фактот дека станува збор за еден од најтешките облици на криминално поведение, кое со оглед на повредата на објектот на заштита се покажува како крајно деструктивно за севкупното општествено живеење. Во вакви околности, репресивниот одговор на проблемот се јавува како нужност, особено ако се земе предвид дека станува збор за осуденичка популација кај која процесот на ресоцијализација и превоспитно дејствување не дава речиси никакви ефекти. Притоа, добро е да се нагласи дека еволуирањето на казнената регулатива не е само во насока на поострување на казните, туку и во насока на изнаоѓање алтернативни решенија (хемиска кастрација) во услови кога целта на казнувањето не е постигната единствено со изрекување затворска казна. Досега кај нас не постои регистриран случај на хемиска кастрација на лице осудено за кривично дело на сексуална злоупотреба, така што евалуацијата на резултатите од примената на оваа мерка и нејзиниот импакт врз севкупните напори за сузбивање на сексуалниот криминалитет на штета на децата е нешто што допрва ќе следува.

Доколку подетално се проанализира она што досега е направено во доменот на предметната проблематика, ќе заклучиме дека речиси сите усилби на засегнатите поединци и институции од областа се насочени кон тоа како да се казнат сторителите, како да се ресоцијализираат за време и по извршувањето на затворската казна, дали и со какви телесни мерки може да се дејствува превентивно за да не го вршат повторно делото. Она за кое многу малку се зборува, па дури може да се каже и дека се занемарува, е прашањето: Што се случува со детето жртва по злоупотребата? Кои се овластувањата на институциите на системот за обезбедување на неговата благосостојба и што може да се направи за тоа повторно да се врати во нормален животен колосек специфичен за возраста и степенот на интелектуално-емотивен развој? Овде сосема оправдано се наметнува прашањето колку во практиката функционира прифатениот систем на ресторативност во постапувањето (враќање во поранешната состојба на сите засегнати субјекти) и дали приоритетите наведени во Законот за правда за децата навистина се имплементираат во реалноста според редоследот по кој се наведени. Во спротивен случај, се доведува во прашање смислата на она што е загарантирано со законот, а повторно во духот на најдобрите интереси на децата. Имено, во член 2 од гореспоменатиот закон се наведува дека основна цел на законот првенствено е остварувањето приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, а потоа заштита на децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација,

воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Р. Северна Македонија, Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни договори за положбата на децата ратификувани во домашното законодавство. Тоа значи дека со Законот се предвидува целосна заштита на децата и нивниот правилен развој кога се јавуваат како носители на противправно поведение, но и кога се во состојба на виктимизација, што е, всушност, поприоритетен законски интерес доколку се суди според редоследот по кој се наведени законските цели. За жал, анализата на досегашните состојби во практиката покажува сосема обратна тенденција. Заштитата на децата кога се јавуваат во својство на жртви на противправни поведенија не е предмет на посериозен теоретски и практичен интерес и во најголем број случаи се сведува на прашање од второстепено значење.

***Критички осврт на институционалниот одговор на проблемот***

Заедно со правно-политичката рамка што ја разработува предметната проблематика, организациските структури за заштита на децата од сексуална злоупотреба, исто така, минаа низ крупни промени од независноста на земјата во 1991 година, па сè до денес. Ваквите промени делумно го подобрија институционалниот контекст за судската, социјалната и здравствената заштита на децата од различни облици на насилство и злоупотреба, вклучително и оние за недозволени сексуални цели. Со оглед на тоа што сексуалната злоупотреба на деца бележи постојан пораст и зголемување на феноменолошката разноликост, неминовно е овие достигнувања постојано да се јакнат со програми наменети за активирање на достапните правно-политички инструменти и остварување на меѓународно-правната обврска на земјата за усогласување на националното законодавство со релевантните меѓународни документи што ја уредуваат предметната проблематика.

Сепак, воопштена перцепција е дека институционалната рамка за одговор на проблемот во моментот не ги исполнува целосно стандардите за детска заштита, а дотолку повеќе не ги задоволува ниту потребите за третман, заштита и згрижување на децата жртви на сексуална злоупотреба или децата што се во ризик да станат жртви. Генерално, отсуствуваат системски пристап и меѓусебна соработка во дејствувањето на надлежните институции за превенција и заштита од злоупотреба на деца за сексуални цели. Особено загрижувачки е фактот дека системот на социјална заштита, кој според надлежностите треба да биде носечки во остварувањето превенција, третман и заштита на деца жртви на сексуално насилство и експлоатација, во најголем дел не ги исполнува ниту просечните очекувања според стандардите за детска заштита. Според обработените податоци за деца жртви на сексуална злоупотреба, за кои се воделе активни досиеја во месно надлежните центри за социјална работа во Р. Северна Македонија, утврдено е дека од вкупно 30 центри (23 меѓуопштински центри за социјална работа и 7 центри за социјална работа), постапки за деца жртви на сексуална злоупотреба од 2005 година до денес имаат спроведувано 20 од нив. Целокупното постапување со детето додека трае постапката во Центарот за социјална работа[24] се документира во писмена и во електронска форма преку дополнување на првичните и внесување нови информации во единствената електронска база на податоци за лица во ризик и корисници на социјални услуги – ЛИРИКУС.[25] Врз основа на досега внесените податоци во базата, заклучно со

---

[24] Процедурите за постапување на Центарот за социјална работа со деца жртви на сексуална злоупотреба и педофилија се дел од Стандардите и процедурите за постапување на Центрите за социјална работа, објавени од ЈУ Завод за социјални дејности, 2014, стр. 28-43.

[25] Електронската база на податоци за лица во ризик и корисници на социјални услуги (ЛИРИКУС) значи воведување изедначена електронска евиденција на корисниците на социјални услуги, евидентирани во

31.12.2019 година се регистрирани вкупно 136 активни досиеја на деца жртви на сексуална злоупотреба на ниво на целата држава, од кои 111 девојчиња и 25 момчиња. Ова недвосмислено укажува на фактот дека бројот на деца за кои се водела постапка во Центрите за социјална работа е незначителен ако се земе предвид дека бројот на осудени лица за кривични дела на сексуално насилство врз деца е неколку пати поголем, што упатува на заклучокот дека бројот на деца жртви што не биле третирани во рамките на системот за социјална заштита е непропорционално поголем во споредба со оние за кои Центрите за социјална работа воделе постапки во рамките на законските овластувања. Понатаму, Законот за социјалната заштита предвидува дека превентивната работа се остварува во ЦСР во соработка со општините, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела, правни и физички лица и здруженија на граѓани, што значи дека центрите како основни единици на социјална заштита ја имаат водечката улога во остварувањето на превентивниот процес, а останатите институции и поединци се јавуваат како партнери со кои треба да остваруваат активна соработка при имплементирањето на законските одредби.[26] Сепак, и покрај општата законска тенденција за актуелизирање на превенцијата како посебно важен облик на социјална заштита, поради преоптовареност на центрите за социјална работа со нудењето друг вид социјални услуги што во најголем дел се од интервентна природа, превентивната работа неоправдано се запоставува, што долгорочно има исклучително штетни последици во системот на социјална заштита. Имено, според обработените податоци, дури 60 % од анкетираните центри вклучени во истражувањето одговориле дека воопшто не дејствуваат превентивно на полето на сексуалната злоупотреба на деца, а останатите имаат наведено дека учествуваат во превентивни активности во кои најчесто се јавуваат како партнери во организирањето настани од страна на други институции (образовни институции, невладини организации и сл.). Ова се потврдува и со резултатите од други истражувања, според кои центрите за социјална работа најчесто реализираат аналитичко-истражувачка дејност за следење на појавата, а делумно учествуваат во превентивните активности преку делегирање свои претставници во превентивни активности организирани од други институции на локално ниво.[27] Препознавањето на злоупотребата исто така отсуствува, па така, во практиката, центрите најчесто ги евидентираат случаите на злоупотреба дури откако ќе добијат информација за тоа од страна на органите на МВР кај кои е пријавен случајот. На прашањето дали остваруваат активна соработка со останатите институции задолжени за детска заштита (здравствените организации, невладиниот сектор и органите на кривичниот прогон), одговорено е дека меѓусекторската соработка се остварува најчесто на релација со подрачните единици на МВР, но досегашното искуство покажува дека таа се сведува само на поднесување информација до нив за состојбата на детето што е заведено во евиденцијата на ЦСР или обратно, информирање од страна на полицијата за пријавен случај на сексуална злоупотреба на дете. Освен тоа, особено сериозна забелешка во функционирањето на системот за социјална заштита е утврдениот недостиг на човечки, финансиски и други материјални ресурси во центрите за социјална работа. Кога се вели недостиг на човечки ресурси, не се мисли само на малиот број вработени што немаат

---

сите центри за социјална работа на територијата на Р. Северна Македонија. Со неа се воспоставени 30 локални и 1 национална база за корисниците на социјалните услуги на национално ниво. Базата овозможува во секое време да се добие извештај за бројот на евидентирани лица во дефинирани социјални ризици, вклучително и за деца жртви на сексуална злоупотреба што се евидентирани во месно надлежните центри за социјална работа.

[26] Член од 25 став 2 од Законот за социјалната заштита, „Службен весник на РМ“ бр. 79/09.

[27] Повеќе за ова: *Стандарди и процедури за постапување на Центрите за социјална работа.* Скопје: ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, УНИЦЕФ, 2014, стр. 26-27.

капацитет да ги извршуваат сите обврски во надлежност на ЦСР како основна компонента на системот за социјална заштита, туку и на непостоењето специјализирани програми за едукација и специјализација на кадрите за остварување на детската заштита во случаи на сексуална виктимизација. Ова се должи на фактот што овие кадри не се специјализирани исклучиво во областа на сексуална злоупотреба на деца, туку во повеќе сродни области истовремено, а со тоа се ограничени нивните капацитети и потенцијали неопходни за целосно вклучување во конкретната област. Како резултат на тоа, особено е важно да се работи на зголемување на човечките ресурси што ќе работат во овие институции и нивно усовршување (специјализација) за работа со деца жртви на сексуално насилство и експлоатација, бидејќи на денешниот степен на достигнувања е констатирано дека отсуствува специфична обука за препознавање жртви на сексуална злоупотреба на деца, постапување со дете жртва и заемна соработка меѓу институциите на системот. Освен тоа, проблемот треба да се бара и во непостоењето јасна внатрешна организациска структура во надлежните институции со јасно дефинирани обврски при постапување во случаи на сексуална злоупотреба на деца. Секако, на ова му претходи проблемот со недостиг на финансиски средства и други материјални капацитети што им се неопходни на центрите со цел непречено функционирање и остварување на обврските утврдени со закон. Овде се мисли првенствено на обезбедувањето финансиски средства потребни за имплементирање ефикасни и приспособени програми за работа со деца во ризик и деца жртви на злоупотреба. Ова претпоставува, меѓу другото, обезбедување дополнителни, посебно опремени простории што ќе се користат исклучиво за работа со деца жртви, збогатување на возниот парк на центрите заради олеснување на следењето на состојбите на терен и, секако, издвојување средства за специјализирани професионалци од областа што ќе посветат посебно внимание на детето со кое работат.

Здравствената заштита на деца жртви исто така се остварува изолирано, и тоа само доколку детето има видливи физички повреди што бараат итна санација. Ова е навистина загрижувачки ако се земе предвид фактот дека здравствениот систем има особено значајна и специфична улога во сите фази на заштита на децата од сексуална злоупотреба и експлоатација, почнувајќи од превенцијата преку откривањето и дијагнозата, па сè до третманот, следењето на случајот и евалуацијата на постигнатите резултати од евентуалните медицински интервенции спроведени врз детето жртва. Законската регулатива[28], кога станува збор за јавно-здравствените аспекти на проблемот, предвидува превентивни, дијагностички, терапевтски и рехабилитациони мерки, и гарантира оптимална заштита на децата што претрпеле определен облик на сексуална злоупотреба. Сепак, легислативата посветена на предметната проблематика на ниту едно место не ја уредува обврската на надлежните органи што дошле во допир со дете жртва за пријавување насилство и злоупотреба во медицинска установа, па произлегува дека ваквата одговорност се препушта исклучиво на родителот како единствено одговорен за состојбата на детето. Меѓутоа, состојбата станува значително посериозна во случаите кога злоупотребата се случува во рамките на семејството, бидејќи во таков случај, децата жртви на злоупотреба честопати остануваат неидентификувани во здравствениот сектор како неизоставен дел од системот за детска заштита.[29] Досега не е евидентиран ниту еден случај каде што центрите, врз основа на континуирано следење на состојбата кај детето, го упатиле на понатамошни медицински иследувања и психолошки советувања/третмани за полесно надминување на проблемот. Меѓу другото, утврдено е дека, во практиката, здравствените установи во Р. Северна Македонија водат генерална евиденција на сите примени и третирани пациенти што добиле определени болнички

[28] Закон за здравствената заштита објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 43/12.
[29] Така и: Lindgren, Magnus, Vesna Nikolić – Ristanović. *Žrtve kriminaliteta - Međunarodni kontekst I situaciju I Srbiji*. 1st ed. Beograd: Organizacija za evropsku bezbednost I saradnju, Misija u Srbiji, 2011, стр. 80.

услуги, така што не располагаат со посебни податоци за бројот на прегледани и/или хоспитализирани деца жртви на сексуално насилство. Ова е една од најсериозните слабости на севкупниот систем на детска заштита, бидејќи се оневозможува таквите случаи да се пријавуваат кај другите надлежни институции за понатамошно постапување, но и да се следи движењето на детето во самиот систем на здравствена заштита. На таков начин би се обезбедила целосна евиденција на децата пријавени како пациенти во здравствените установи, но и увид во историјата на заболувања и медицинските мерки и третмани за нивно санирање. Со оглед на тоа што сексуалното насилство врз деца, особено оние форми со кои се загрозуваат животот и здравјето на детето, е една од најдеструктивните социопатолошки појави евидентирани во современото живеење, раното откривање и третирање на проблемот е неодминлив чекор што честопати се покажува како клучен во спасувањето на жртвите. Во оваа насока, посебно загрижува фактот што и покрај деталното уредување на процедурите за постапување со дете жртва на сексуална злоупотреба во Упатството за практикување медицина заснована врз докази при идентификација и справување со сексуална злоупотреба на детето[30], најчесто медицинската помош се сведува на интервентен гинеколошки и/или општ преглед чија цел е санирање на акутните повреди од злоупотребата, доколку постојат такви. Понатамошното следење на состојбата кај детето, во најголем дел, е оставено на слободното уверување на родителите или другите членови на потесното семејно окружување. Притоа, не треба да се заборави дека системот на здравствена заштита во функција на третман и рехабилитација на деца жртви на сексуална злоупотреба не подразбира само санирање на физичките повреди од преживеаното насилство, туку и комплетна психолошката поддршка што е речиси без исклучок потребна за полесно закрепнување од доживеаната траума и обезбедување успешна социјална интеграција на детето жртва. За жал, и овде не се бележат посериозни резултати, бидејќи психолошките советувања и третмани најчесто се практикуваат само во случаи кога детето покажува видлива симптоматологија од доживеаната траума и тешко се справува со она што го носи секојдневието во рамките на нормалниот детски развој. Ова е уште една од очигледните слабости на системот на детска заштита, бидејќи раното откривање, дијагностицирање и третирање на проблемот во здравствените установи е клучен момент во обезбедувањето понатамошна рехабилитација на децата што искусиле состојба на виктимизација.

Недостатоци во функционирањето на системот на превентивно дејствување за спречување или препознавање на злоупотребата се евидентирани и во образовниот процес. Впрочем, училиштето како потесна макросоцијална средина во која детето е присутно секојдневно, заедно со семејството е најповикано да презема мерки на рана превенција, како и препознавање на можните знаци на злоупотреба што понатаму повлекува вклучување и на другите институции на системот со цел заштита на детската благосостојба. Од спроведеното истражување во основните училишта, утврдено е дека наставната програма што се спроведува е преобемна и целосно испланирана, така што нема голем простор за редовно спроведување дополнителни едукативни програми и активности со кои ќе се подигне свеста за опасностите од сексуална злоупотреба, како да се препознае, да се пријави и навреме да се реагира, со што би се спречиле посериозни последици од преживеаната траума. Сепак, мора да нагласиме дека едукативниот процес за оваа проблематика не изостанува целосно. Имено, вакви едукативни активности се спроведуваат најчесто во рамките на проектните активности во соработка со

[30] Упатството за практикување медицина заснована врз докази при идентификација и справување со сексуална злоупотреба на детето е објавено во „Службен весник на РМ“ бр. 39/15 на 12.3.2015 година.

невладиниот сектор, но тие се случуваат ретко и без посериозен континуитет во работењето.

Сосема за крај, посебно внимание заслужува учеството на детето жртва во правосудната постапка како еден од најспецифичните сегменти од концептот на детска заштита и остварување правда за децата, бидејќи според својата природа, правниот систем се смета за најстрог вид општествена реакција на криминалните и другите антисоцијални поведенија. Интензивната реформа на судскиот систем, која се спроведува во последните неколку години, во најголема мера е мотивирана од принципот на „најдобар интерес на детето" и е ориентирана кон остварување и заштита на детските права во правосудната постапка. Несомнено, овој принцип е основата од која се тргнува при интервенција на државата во детската приватност, а со цел регулирање на неговата положба во системот на општественото живеење. Сепак, мора да признаеме дека и покрај големиот број усилби за унапредување на законската регулатива за заштита на детските права, сè уште не постои единствена методологија за оценување на најдобрите интереси на детето, што, од друга страна, на судиите и на другите учесници во судскиот процес, во согласност со нивните сопствени искуства, лични ставови и разбирања, им овозможува да проценат што е, а што не е во најдобар интерес на детето. Генерално, познавањата и практичните искуства на различните категории стручни лица во правосудството за феноменот на сексуално насилство и експлоатација во најголема мера се парцијални и ограничени, зависно од нивната професија и можностите што ги нуди таа за остварување на детската заштита.

Заштитата за време на судскиот процес е исклучително важен сегмент од севкупниот процес на правда за децата, бидејќи обраќањето до институциите на системот честопати е доживувано од страна на децата жртви како секундарна виктимизација и опасност повторно да поминуваат низ настанот преку исцрпувачките, непријатни и сложени судски постапки. Имајќи го предвид горенаведеното, потребата од интервенција во однос на прашањето за заштита на децата во постапувањето пред судот, кога се јавуваат во својство на оштетени во постапката, е повеќе од очигледна. Токму поради тоа, а во духот на насоките на ООН за прашања поврзани со деца жртви и сведоци на кривични дела, во Законот за правда за децата е предвидена обврска на судот и на другите органи што учествуваат во постапката за сите кривични дела од Кривичниот законик во кои, според законските обележја на делото, малолетникот се јавува како жртва на делото, да преземаат мерки на помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можни штетни последици за неговата личност, што е насочено, пред сè, кон спречувањето на можната секундарна виктимизација.[31] На овој начин за првпат во еден законодавен акт се востановува обврска на надлежните органи да водат сметка за оваа димензија на постапување кога станува збор за жртвите на кривичните дела. И покрај сериозниот и темелен пристап на законодавецот во уредувањето на детската заштита во судската постапка, во практиката, посебните мерки на процесна заштита се применуваат делумно (онолку колку што дозволуваат моменталните можности) [32], поради тоа што не се создадени докрај услови за нивна

[31] Согласно општоприфатеното сфаќање, секундарната виктимизација се дефинира како понатамошна виктимизација што не се појавила како директен резултат на кривичното дело, туку како резултат на постапувањето со жртвата во рамките на институциите во системот. Најчесто, секундарната виктимизација се појавува кога жртвата се присетува на настаните што ги преживеала, при давањето исказ во судот или надвор од него, а во рамките на постапката.

[32] Во духот на казнената политика ориентирана кон заштита на децата како жртви и сведоци на кривични дела е воведувањето цела глава во Законот за правда за децата, во која, меѓу другото, се предвидуваат следниве посебни мерки на процесна заштита: користење екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот, прикривање на идентитетот или на изгледот, давање исказ преку видеоконференција, отстранување на тогите и капите, исклучување на јавноста, видео и аудиозапис на исказот што ќе се користи

доследна имплементација, првенствено во делот на технологија, простории и специјализација на стручни кадри што ќе работат исклучиво со деца жртви како посебна општествено-биолошка развојна категорија.

***Заклучок***

Преживувањето сексуална злоупотреба за време на детството е сериозен јавен проблем со речиси епидемиолошки размери што предизвикуваат алармантна загриженост во сите области од општественото живеење. Станува збор за исклучително сериозна, феноменолошки специфична и комплексна појава од која произлегуваат тешки последици што трајно влијаат врз психофизичкиот развој на децата.

Досегашните сознанија за природата на проблемот со сигурност потврдуваат дека за надминувањето на моменталните состојби не е доволна интервенција само во законските прописи, туку и креирање мултисекторски општествен систем на заштита што еднакво ќе ги вклучи судскиот, здравствениот, невладиниот (граѓанскиот) сектор и, секако, системот на социјална заштита. Генерално, отсуствува систематски пристап во спречувањето на сексуалната злоупотреба на деца, па поради тоа, неопходно е промовирање механизми за активно вклучување на институциите на системот во остварувањето на концептот на детска заштита преку постапување што е приспособено на потребите на децата и околностите во кои се случила злоупотребата. Освен тоа, утврдено е дека овластувањата на институциите што се составен дел од системот за остварување детска заштита најчесто се општо дефинирани, така што недостасува јасно дефинирана законска улога и надлежност во постапувањето на секоја од нив во случаи на сексуална злоупотреба на деца. Ова честопати дава можност за изземање или префрлање на обврските од една установа на друга, а тоа, пак, доведува до сеопшта конфузност и безредие во институционалниот одговор на проблемот.

За спречување, намалување и заштита на децата од ваквите поведенија, потребна е повеќекратна и диференцирана општествена реакција. Ова подразбира систем од заштитни интервенции што првенствено опфаќа различни нивоа на превентивно дејствување, откривање, односно препознавање на сексуалната злоупотреба, правовремено кривичноправно процесирање на случаите и казнување на сторителите, а потоа и обезбедување непосредна правна, социјална и здравствено-психолошка заштита и рехабилитација на сексуално злоупотребените деца. Перспективите на процесот на заштита на децата од сексуално насилство и експлоатација се гледаат во воспоставувањето широко консензуална меѓусекторска соработка на сите нивоа на одлучување/дејствување и креирање нова, односно зајакнување на постојната институционална мрежа за помош, заштита, третман и рехабилитација на деца жртви. Зајакнувањето на институционалната рамка првенствено подразбира омасовување на стручниот кадар што работи во институциите на системот задолжени за остварување на детската заштита, прецизно регулирање на нивните права и обврски и унапредување на професионалните компетенции за работа со деца жртви и деца во ризик да станат жртви на злоупотреба. Ова, меѓу другото, подразбира и зголемување на материјалните и финансиските ресурси со кои располагаат институциите за прифаќање, поддршка и заштита на деца жртви, но и превентивно дејствување на полето на сексуалната злоупотреба на деца, што како компонента досега беше запоставена. Последново особено важи за Центрите за социјална работа, кои се чини, во моментов, имаат

---

како доказ, видео и аудиозапис од распитот што ќе се користи како доказ, земање исказ преку посредство на стручно лице, употреба на посебни технички средства за комуникација и заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

навистина ограничена и незавидна улога во справувањето со проблемот, така што ниту тие самите, ниту, пак, пошироката општествена заедница не ги идентификува како главни носители на заштитата на децата од сексуална виктимизација.

Сосема за крај, сите општествени ангажмани за заштита на децата, без оглед на тоа каква е нивната природа, треба да имаат јасно одредена цел: правото на детето на заштита од сексуална злоупотреба треба да се заснова врз поблиску дефинирани стручни стандарди и процедури и создавање солидна методолошка основа во практиката за поврзување и усогласување на активностите на сите учесници вклучени во процесот. Имајќи предвид дека прогнозите на овој облик на криминално поведение не се многу охрабрувачки, постојано сме исправени пред предизвикот за изнаоѓање нови, поефикасни модели на заштита, бидејќи без обезбедување на сигурноста и стабилноста што ја заслужуваат децата, и тоа во оптимални можни граници, сериозно се доведува во прашање нивната иднина.

***Користена литература***


- Бужаровска-Лажетиќ, Гордана, Лазар Нанев, Олга Кошевалиска. *Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда – Современи текови во постапување со малолетниците.* Кавадарци: Совет за превентива против малолетничка деликвенција, 2012.
- Витларов, Тодор. *Казнено право – посебен дел (авторизирани предавања).* Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет – Кочани, 2008.
- Кајзер, Гинтер. *Криминологија.* Скопје: Александрија, 1996.
- Камбовски, Владо. *Казнено право – посебен дел.* Скопје: Просветно дело, 1997.
- Сулејманов, Зоран. *Македонска Криминологија.* Скопје: Графохартија, 2000.
- De Mause, Lloud. *History of childhood.* 1st ed. Michigan: Psychohistory Press, 1974.
- Lindgren, Magnus, Vesna Nikolić – Ristanović. *Žrtve kriminaliteta - Međunarodni kontekst I situaciju I Srbiji.* 1st ed. Beograd: Organizacija za evropsku bezbednost I saradnju, Misija u Srbiji, 2011.
- Кривичен законик, „Службен весник на РМ“ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 09/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17.
- Закон за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/10, 100/12 и 142/16.
- Закон за социјалната заштита, „Службен весник на РМ“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 11614, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18.
- Закон за семејството „Службен весник на РМ“ бр. 80/92, 09/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15.
- Закон за заштита на децата, „Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18.
- Закон за правда за децата, „Службен весник на РМ“ бр. 148/13.
- Закон за здравствената заштита, „Службен весник на РМ“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16.
- Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на РМ“ бр. 50/10, 44/14, 150/15, 31/16 и 21/18.
- Закон за установи, „Службен весник на РМ“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11.
- Закон за здруженија и фондации, „Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16.

- *Стандарди и процедури за постапување на Центрите за социјална работа*. Скопје: ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, УНИЦЕФ, 2014.
- *Упатство за практикување медицина заснована врз докази при идентификација и справување со сексуална злоупотреба на детето*, „Службен весник на РМ“ бр. 39/15 на 12.3.2015 година.
- Convention on the rights of the child, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 44/25 of 20 November 1989, entry into force 2 September 1990.
- Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse. Committee of Ministry, 2007 (entered into force on 1 July 2010).
- Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution A/RES/54/263 of 25 May 2000, entry into force on 18 January 2002.
- Optional protocol to the Convention on tne Rights of the Child on the involvement of children in armed conflict, Adopted and opened for signature, ratification and accession by general Assembly resolution A/RES/54/263 of 25 May 2000, entry into force 12 February 2002.

***Aleksandra Rogleva***[33]

# BASIC WEAKNESSES OF THE LEGAL - INSTITUTIONAL FRAMEWORK FOR CHILD PROTECTION FROM SEXUAL VICTIMIZATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

1.02 Review scientific article
UDK 343.362/.364(497.7)

***Abstract***

*Child victimization for sexual purposes, like many other criminal behaviors, is an extremely complex and dynamic phenomenon which adapts relatively quickly to the social movements and changes, so it' almost impossible to regulate as much as necessary to guarantee the social stability in its entirety. It is a topical, complex issue whose full clarification presupposes an answer to a numerous interrelated questions and a thorough analysis of the current situation which isn't encouraging at all.*

*Having in mind all of the above, the basic idea of this paper is through analysis of the current legal solutions in the domestic legal system and the available institutional capacities, strategies and mechanisms, to determine the current situation in terms of dealing with the problem and to ascertain the obvious omissions and inconsistencies, by evaluating the last achievements aimed at creating assumptions for preventing sexual crimes in which children are victims, but also providing treatment and rehabilitation to the children who already have survived this form of victimization.*

**Keywords:** *children, sexual abuse, victimization, protection, criminal policy.*

[33] The author works as teaching assistant in the scientific field of Criminal Law, Faculty of Law at the University "Goce Delchev" - Stip, aleksandra.rogleva@ugd.edu.mk.